РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3158/3
29.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 24.07.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, м-р Ивона Муфишева, м-р Горјан Шекеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 8-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека претходниот ден се прекина оваа седница со наслов на точка - Образложение ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата. Констатира дека на седницата преку видео конференциска врска не е присутен претставник од страна на медиумот ниту пак има најава дека некој сака да присуствува. Бидејќи оваа седница е наменета за образложение на медиумот, а присутни нема, ја затвори седницата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**